| Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје<br>Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: / Epranuar 26.08.2024 | | | |
| Орг. Ед.<br>Njësi org. | Број<br>Numër. | Прилог<br>Shtesë. | Вредност<br>Vlerë. |
| 03 | 2193 | 1 | |

( Образец ПП……)

**До: ЈП Комунална хигиена скопје**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: ______________ ______________________________

______________ ______________________

**(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)**

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
**(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:_______Би сакал да ве прашам, според Вашата систематизација, кои се СЛОБОДНИ работни места/позиции за кои услов е факултет 240ектс Електротехнички, електроника или енергетика

**(опис на информацијата која се бара)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________

**(се наведува бараниот начин, со заокружување)**

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________

**(се наведува бараниот начин, со заокружување)**

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Од:**
**Магистер по електротехника**
**Диломиран инженер по електротехника**

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 2193 / 2
Дата/data 12.09.2024

ЈП Комунална хигиена – Скопје врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот Дарко Спироски, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

**за доставување информации од јавен карактер**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено со број 03-2193 од 26.08.2024год., поднесено од барателот [redacted] адреса на [redacted] од Скопје,
**СЕ УВАЖУВА.**
Предметната информацијата од јавен карактер се доставува на начин наведен во барањето.

## Образложение

Барателот [redacted] поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 03-2193 од 26.08.2024год., при што побара доставување на информација од јавен карактер,цитирано: *"Би сакал да ве прашам, според Вашата систематизација, кои се слободни работни места/позиции за кои услов е факултет 240 ЕКТС, Електротехнички, електроника или енергетика?"* На барателот му се доставува одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, при што се наведува назив на работното место, вид на образование , општите услови утврдени со Законот за административни службеници/друг посебен закон или колективен договор за административни службеници(член 7), посебните услови утврдени со Закон за јавни претпријатија за даватели на јавни услуги категорија А (член 14) во согласност со Правилникот за систематизацијата на работните места на ЈП Комунална хигиена – Скопје број 03-141 од 09.01.2020год.,како и насочување на линкот на Листата на информации од јавен карактер на веб страницата на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде што барателот може да пристапи до горенаведениот Правилник и други прописи и документи од јавен карактер.

ЈП Комунална Хигиена – Скопје како имател на информации од јавен карактер постапи по барањето за пристап до информции од јавен карактер и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот.

**ЈП Комунална хигиена - Скопје**
**в.д. Директор**
**Јетон Незири**

Јавно претпријатие Комунална хигиена - Скопје
Ndërmarrja Publike Higjiena komunale - Shkup
Број/numër 03 - 2193 / 2
Дата/data 12.09.2024

**До**
**Барател на информации од јавен карактер**

**Адреса:**

# Одговор
## на барање за информации од јавен карактер

Во врска со Вашето Барање за информации од јавен карактер заведено под број 03-2193 од 26.08.2024., во согласност со Правилникот за систематизацијата на работните места во ЈП Комунална хигиена – Скопје заведен со број 03-141 од 09.01.2020 год., во целост ви ги доставуваме предметните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Назив на работно место: Советник на директорот за одржување на возила и опрема;
2.Шифра на работно место: КДР0305А01045;
3.Вид на образование : електротехника;
4.Општи услови утврдени со Законот за административни службеници/друг посебен закон или колективен договор за административните службеници:
-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик;
-да е полнолетен;
-да има општа здравствена состојба за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
5. Посебни услови утврдени со Закон за јавни претпријатија за давателите на јавни услуги категорија А:
-најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или заврќе VII/1;
-работно искуство ,и тоа : за ниво А1 најмалку 4 години работно искуство во струката,од кои најмалку 2 години на раководно работно место во јавен сектор,односно најмалку 6 години работно искуство во струката,од кои најмалку 3 на раководно работно место во приватен сектор,активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложивање на потврда, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европсака унија(англиски,француски,германски),други посебни работни компетенции утврдени со Правилникот;
6. На официјална веб страница на ЈП Комунална хигиена –Скопје https://khigiena.com.mk , во Рубрика -Документи/Прописи, може да пристапите до наведениот Правилник и останатите документи и прописи од јавен карактер кои се во домен на Вашиот интерес.

**Со почит,**

**Датум:10.09.2024г.**

**ЈП Комунална хигиена - Скопје**